Врз осно Врз основа на член 19 став 2 точка 4 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ„ бр.38/96) и член 18 став 2 точка 5 од Статутот на ЈПКД „Турија„ Василево, ЈП „Турија„ Василево, Управниот одбор на својата седница што се одржи на ден 24 .01.2022 година го усвои следниот:

I.

Финансиски извештај
на ЈП „Турија“ до четврто тромесечие за **2021 година**
од 01-01-2021 до 31-12-2021

Приходи од услуги	
Приходи од комунален отпад	5.151.254,оо
Приходи од уредување и одржување	1.811.857,оо
Приходи од вода	9.624.173,оо
Приходи од ровокопач	1.160.758,оо
Приходи од приклучоци-водовод	1.306.368,оо
Приходи од улично осветлување	19,550,оо
Приходи од приклучок канализација	410.828,оо
Приходи од одржување на канализација	210.491,оо
Приходи од други услуги	51.000,оо
Вкупно	**19.746.279,оо**

Други приходи	
Приходи од вишоци	
Приходи од наплатени панели,казни	12.469,оо
Приходи од продажба на основни средства	3.000,оо
Приходи по основ на финансиска подршка од влада	
Приходи од претходни години	
Приходи од камати	
Вкупно	**15.469,оо**

ВКУПНО ПРИХОДИ	**19.761.748,оо**

Материјални трошоци	
Потрошени суровини и материјали	139.662,оо
Потрошен материјал за приклучок - водовод	624.012,оо
Потрошен материјал за приклучок - канализација	87.101,оо
Потрошен материјал хлор, налко,	500.743,оо
Работна облека и обувки	27,987,оо
Потрошен канцеларискиматеријал	79,219,оо
Потрошена енергија	382.344,оо
Потрошена вода	1,742.866,оо
Потрошено гориво, уље	1.164.871,оо
Потрошени резервни делови	88.196,оо
Отпис на инвентар и автогуми	55.822,оо
Транспортни услуги	15.000,оо
Поштенски и телефонски услуги	65.392,оо
Услуги за одржување	34.864,оо
Закупнина	258.300,оо
Трошоци за реклами	105.982.оо
Регистрација на возила	65.314,оо
Останати услуги	641.434,оо
Вкупно	**6.079.109,оо**

Бруто плати	**9.563.884,оо**
Регрес за годишен одмор	**166.780,оо**

Амортизација	**172.829,оо**

Останати трошоци	
Отпис на побарувања	
Трошоци за работници	79.973,оо
Отпремнина за одење пензија	113.216,оо
Трошоци на УО	32.672,оо
Трошоци за спонзорство	6.000,оо
Трошоци за репрезентација	148.326,оо
Трошоци за членарина кон здруженија	29,159,оо
Банкарски услуги	62.470,оо
Трошоци по договор на дело	1.441.032,оо
Трошоци за списанија и прирачници	5.714,оо
Услуги за привремени вработување	868.110,оо

Други услуги	66.242,оо
Адвокатски, нотарски и судски трошоци	87.023,оо
Трошоци за надзор и контрола	99.360,оо
Вкупно	**3.039.297,оо**

Расходи по камати, казни и други	
Дополнителни расходи од минати години	7.862,оо
Расходи по казни и пенали	38.804,оо
Кусоци на суровини и материјали	
Расходи по основ на камати	
Вкупно	**46.666,оо**

ВКУПНО ПРИХОДИ	**19.761.748,оо**
ВКУПНО РАСХОДИ	**19.068.565,оо**
Добивка од работење	**693.183,оо**
Данок од добивка	
Нето добивка	

IV.

Според книговодствената евиденција на ЈПКД „Турија“ Василево покажува позитивен финансиски резултат, односно добивка од работењето до четврто тромесечие за 2021 година во износ од 693.183,оо денари.

Ако направиме споредба помегу претходните тромесечие -2020 и сегашното 2021 година ке заклучиме дека вкупниот приход е намален за 2,19 %, а тоа се должи пред се на намалување на приходите од улично осветлување каде што во 2020 година со Одлука на Советот е дадено на друго претпријатие да го одржува а додека расходите се зголемени за 3,46%.Поголемо зголемување на расходите имаме кај трошоците за гориво и тоа за 25,75 % а тоа се должи за зголемување на цената на нафтените деривати и проширувањето на корисниците за комунален отпад.

Заклучно со 31.12.2020 година имаме вкупен број 2.273 водокорисници. Така што до 31-12- 2021 година имаме зголемување на уште 60 нови корисници, од кои 18 во Василево, 6 во индустриската зона Василево-правно лице, 8 во Градашорци, Ангелци 6, Нова Маала 4, Добрашинци 10 и 1 правно лице, Едерниково 4 , Чанаклија 2 и Трибичино 1.

Во текот на овој период односно до 31-12-2021 година немавме некои посериозни дефекти на водоводната мрежа, па со тоа и немавме трошоците околу одржување на водоводната мрежа но кога ке се појавеше веднаш го отстранувавме дефектот.

Во текот на тромесечиета во 2021 година Јавното претпријатие вршеше приклучување во канализационата мрежа и тоа во Пиперево 8 нови приклучоци во Ангелци 3, во Едерниково 10 , Василево 3 и Градашорци 5.

Вкупно досега имаме 292 приклучока во канализационата мрежа.

Околу другите дејности кои влегуваат во делокругот на работата на комуналното претпријатие, во текот на овој период за 2021 година немавме некои посериозни проблеми и застои и истите претпријатието ги извршуваше редовно и навремено во согласност со програмите за работа донесени од страна на Советот на општината.

И покрај пандемијата со КОВИД-19 со добра организација на работата и посебна залагање на вработените успешно се справивме со проблемите со кои наидовме од основните и другите дејности во делокругот на работата.

Се надеваме дека позитивниот финансиски резултат односно добивката ќе биде зголемено во наредниот период и во иднина ќе се стремиме кон подобри финансиски резултати, односно поуспешно работење и ќе бидеме вистински носители на комуналната инфраструктура во Општината.

ЈПКД „Турија“ Василево
Претседател на УО

–